ЗАПИСНИК ОД СОСТАНОК
Со сопственици на угостителски објекти на територијатѕа на
Општина Крива Паланка,
одржан на на ден, 25.3. 2025 година

На ден 25.3.2025 година, со почеток во 12:00 часот, во просторите на Големата сала за седници на локалната самоуправа на Општина Крива Паланка се одржа состанок со локалните угостители.

Присутни:

Градоначалник на Општина Крива Паланка, Сашко Митовски;
Раководител на Одделение за инспекциски надзор, Бранко Велиновски;
Овластен градежен инспектор, Ненад Митовски;
Општински комунален инспектор, Наталија Марковска;
Раководител на Сектор Одделение за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот, Даниела Велковска;
Раководител на Одделение за локален економски развој и евроинтеграции, Антонио Давитковски;
Раководител на Одделение за администрирање даноци, такси и надоместоци, Емил Денчевски;
Локални сопственици на угостителски објекти што работат на подрачјето на Општина Крива Паланка.

Дневен ред:

1. Информација за одржаниот координатиевн состанок во Општина Крива Паланка на ден 21.03.2025 година и насоки за следно постапување во наредниот период.
2. Информација по однос на најавените вонредни инспекциски контроли во координација на повеќе инспекциски служби (МВР, ДПИ, ДЗС, Трудов инспекторат, општински градежен инспектор, општински инспектор за животна средина, општински комунален инспектор ) и листа на потребни документи согласно важечките закони:

- ДПИ ( Минимиум технички услови, урбана опрема и елаборат, одобрение за поставување на урбана опрема, работно време и негово истакнување, фирма, ценовник, норматив);
- ТРУДОВ ИНСПЕКТОРАТ ( вработени, евиденција на работно време, елаборат за ризик и проценка на работно место, обука за безбедност и здравје, периодичен лекарски преглед, ПП апарати, елаборат за против пожарна заштита, евакуација и спасување, шема за евакуација);
- ДЗС ( елаборат за ризик и проценка на работно место, обука за безбедност и здравје, периодичен лекарски преглед, пп апарати, елаборат за против пожарна заштита, евакуација и спасување, шема за евакуација);
- МВР ( заклучок од сите инспекциски наоди, копија од целокупна докумнтација, договор за закуп, договори со фирми);
- ЖИВОТНА СРЕДИНА ( елаборат за животна средина);
- ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР ( договор за закуп, проектна документација и одобрение , одобрение за реконструкција, одобрение за адаптација, решение за настрешница, елаборат за поставување на урбана опрема, одобрение за поставување на урбана опрема)

3. Информација за важечка Програма на општината за поставување урбана опрема на јавна површина и Законот за градење, како и намени во Деталните планови за угостителски објекти;
4. Информација за заклучоци на ЗЕЛС на одржаниот состанок на ден 24.03.2025 понеделник ( формирање на работна група за предлог измена во Законот за градење);
5. Заклучоци и насоки за постапување во следниот период:
   - вонреден инспекциски надзор кај сите угостителски објекти на територија на Општина Крива Паланка и констатирање на неправилности со соодветен Записник за извршен инспекциски надзор;

6 Ажурирање на регистар на угостители на територија на Општина Крива Паланка.

Состанокот го водеше градоначалникот, Сашко Митовски, кој ги посочи сите тековни координирани активности на локало ниво што се спроведуваат ургентно по насока-задолженија од градоначалникот за итно постапување, што се однесуваат на состојбата со хидранстска мрежа на подрачјето на општината и со противпожарна заштита.
Истиот состанок беше одржан на 21.3.2025 ( по трагедијата во Кочани) и градоначалникот подели задолженија до службите и инспекторатот за проверка на: постоењето и исправноста на хидрантските мрежи, достапноста на хидрантски црева и противпожарни апарати, нивна функционалност во објектите на локално ниво, институции и стамбени и деловни објекти, спортски и останати објекти, со цел ажурирање на податоците за безбедноста во истите, за што на овој состанок со угостителите беше споделено како информација.
На присутните, градоначалникотим посочи, како потсетување за сите потребни документи, дозволи, решенија и останати неопходни согласно законски нормативи ирегулатви,

документи, што е неопходно да ги приложат/поседуваат при најавените вонредни инспекциски контроли.
Беше укажано и на важечката Програма на општината за поставување урбана опрема на јавна површина и Законот за градење, како и намени во Деталните планови за угостителски објекти со која секој угостителски објект треба да биде усогласени да го прилагоди своето работење.
Градоначалникот Митовски на присутните угостители им ги презентираше препораките и заклучоците, насоките произлезени од одржаната седница на УО на ЗЕЛС, кадешто член е и градоначалникот, а се одржа на ден 24.3.2025, во Скопје.
На крајот, беше посочено дека општината ќе изврши ажурирање на регистарот на угостители на поодрачје на Општина Крива Паланка, за шти во најскоро време ќе биде поставен линк на веб-страницата на општината на кој сите угостители треба да се регистрираат.
По повик да земе збор некој од присутните или да псотави прашање до надлежѓните, присутни раководни лица од одделенијата во Општината, како и присутните инспектори , никој од присутните не се јави за збор.
Состанокот заврши во 12:55 минути.

Подготвила:
Ирена Белешковска

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник